Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Совет на јавните обвинители на
Република Северна Македонија
Keshilli i Prokurorëve Publik i
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Бр.-Nr. 05-1/6
23.07. 2024 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 75 став (4) од Законот за јавните набавки („Сл. весник на РМ" бр.24/19) и чл.2, 3 и 6 од Правилникот за формата и содржината како и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки (Сл. весник на РСМ бр.64/19), претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија (СЈОРСМ) на 23.07.2024г. донесе

# О Д Л У К А
## за измена и усогласување на Годишниот план за јавни набавки на СЈОРСМ за 2024 година

1. За потребите на СЈОРСМ се врши измена и усогласување на Годишниот план за јавни набавки на СЈОРСМ за 2024 година арх.бр.05-1/1 донесен на 03.01.2024г., со цел прецизирање на предметот на набавката на одреден вид на стоки согласно идентификуваните потреби на договорниот орган и времетраење на договорот и период на реализација, а кои се неопходни за обезбедување на минимални услови за функционирање на институцијата.
2. Сите планирани постапки ќе се спроведат како постапки за доделување на договори за јавна набавка за предметните стоки и услуги.
3. За спроведување на планираните набавки, средствата се обезбедени од буџетската сметка на СЈОРСМ.
4. Составен дел на оваа Одлука е Планот за измена и усогласување на Годишниот План за јавни набавки на СЈОРСМ за 2024 година, во кој се содржани изменетите и усогласени податоци за набавките.
5. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и изменетиот План ќе се објави во електронска верзија на ЕСЈН, пред отпочнување со спроведување на планираните постапки.

### Образложение

Договорниот орган има потреба од измена и усогласување на Годишниот план за јавни набавки за 2024 година. Имено, во делот **Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на СТОКИ** се врши измена и допрецизирање за набавката под ред. бр.1 „набавка на ИТ опрема и мрежни компоненти„ која ќе гласи „набавка на мултифункционален уред за печатење, копирање и скенирање за мултимрежна употреба (монохроматски уред за фотокопирање до А3 формат)„. Измената по пат на прецизирање на предметот на набавка се врши, бидејќи кај ДО недостасуваат средства за набавка на повеќето првично планирани стоки, т.е. истите се намалени и потрошени заради др. непредвидени расходи, а дел се резервирани, по што се преостанати средства во износ од 130.000.00 ден. без ддв. Воедно, кај првично планираната набавка под ред. бр.2 „Набавка на лиценца уред за безбедносна заштита од интернет напади-огнен ѕид и антивирусни лиценци за заштита на крајни корисници, согласно планираните и расположиви средства во забелешка ќе се додаде дека се планира двегодишна неделива набавка. Постапките ќе се спроведат во трет квартал, откако претходно ДО изврши преселба на стварите и опремата на нова локација. Интервенцијата во Планот се врши согласно горенаведениот законски основ, пред да се пристапи

кон спроведување на постапки за доделување на договори за јавна набавка за предметните стоки. Измените и усогласувањата се вршат во рамки на претходно планираните и расположиви средства во Буџетот на СЈОРМ за 2024 година.

Согласно изнесеното се донесе предметната одлука.

**Претседател на**
**Советот на јавните обвинители на**
**Република Северна Македонија,**

**Душица Димитриеска**

**Прилог:**
**-Изменет и усогласен Годишен план за јавни набавки за 2024г.на СЈОРСМ**

Д-но до:
-архива
-Одделение за правни и административно-општи работи
-Одделение за буџет и финансиски работи